**Известување за концентрација помеѓу КОНЗУМ плус д.о.о. Хрватска и МИРАКОЛО ТРГОВИНА д.о.о.**
**(предмет бр. 08-108/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.09.2021 година, дополенто на 13.10.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **КОНЗУМ плус д.о.о.** (KONZUM plus d.o.o.), со седиште во Маријана Чавица 1/а, Загреб, Хрватска *има намера да стекне единствена контрола директно врз* **МИРАКОЛО ТРГОВИНА д.о.о.** (MIRACOLO TRGOVINA d.o.o.), со седиште во Валбандон, ул. Мала Вала – Виа Вале Пикола 37, Фажана, Хрватска по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**КОНЗУМ плус д.о.о.** е водечки малопродажен ланец во Хрватска. КОНЗУМ плус д.о.о. е активен во малопродажба во неспецијализирани продавници за храна, пијалоци или тутун. КОНЗУМ плус д.о.о. припаѓа на Фортенова Групацијата која преку нејзините поврзани друштва е активна во производството и дистрибуцијата на прехранбени производи и пијалоци, како и малопродажба на намирници/секојдневни стоки за широка потрошувачка ( и поврзани производи).
Фортенова Групацијата има регистриранозависно друштво во Република Северна Македонија - Друштво за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Огњен Прица бр. 1-3/28 мезанин Скопје. Регистриранатa приоритетна дејност на МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутун, но истиот не е повеќе трговски активен.

**МИРАКОЛО ТРГОВИНА д.о.о.** е новоформирано друштво во 2021 година. МИРАКОЛО ТРГОВИНА **д.о.о.** работи преку над 11 продавници на мало на територијата на Република Хрватска, поточно во Истра, каде што продава различни видови стока.
Подносителот смета дека како релевантни пазари би можел да се дефинира пазарот за неспецијализирана трговија на мало со прехранбени производи и стоки за општа потрошувачка,.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.10.2021 година
Скопје